50769

19859,

Нова Македонија 14 април 2003, стр. 2



Полицијата ја претресе вилата „Света Софија" во Охрид

# ВМРО–ДПМНЕ го упати МВР сликите од хотелот „Бисер" да ги побара во МПЦ

ВМРО-ДПМНЕ го оцени како „сталинистички упад" саботниот претрес на пет инспектори од МВР во вилата „Света Софија" во Охрид, од каде, според нив, биле одземени четири слики во сопственост на партијата. Најголемата опозициона партија, во соопштението лиферувано викендов, реагира дека „инспекторите без никаков повод ги фотографирале сите простории во вилата".

Портпаролот на МВР Воислав Зафировски за Нова Македонија изјави дека во вилата „Света Софија" бил извршен претрес по наредба на надлежен судија од Основниот суд во Охрид. Како што ни рече Зафировски, таму биле пронајдени четири слики од Вангел Коџоман, „исчезнати од канцеларијата на поранешниот директор на ЕСМ Ламбе Арнаудов".

Како што стои во соопштението од ВМРО-ДПМНЕ, оваа партија претпоставува дека МВР е во потрага по уметничките дела од хотелот "Бисер" и му препорачува на раководството на министерството, за информации да се обрати во Синодот на Македонската православна црква, поточно во Архиепископијата. ВМРО-ДПМНЕ очекува министерот Хари Костов да издаде „налог за упад и агресивен претрес на просториите на МПЦ", бидејќи "Владата на СДСМ има непријателски однос кон се што претставува стожер на македонштината". Овој чин претставува уште една пресметка на власта со опозицијата, се вели во известувањето од ВМРО-ДПМНЕ.

Д.Р.